**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Катерина Кокина**
**именуван за подрачјето на**

**Скопје 1 и Скопје** 2
**Бул. Св. Климент Охридски бр.52/1-9**
**тел./факс (02)** 3256-010

**И.бр.1443/21**

Извршителот **Катерина Кокина** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Друштво за маркетинг и услуги САМООРГАНИЗАЦИЈА ДООЕЛ Скопје** од Скопје со ЕДБ 4058012514550 и седиште на 29-ТИ НОЕМВРИ 40/4-2, засновано на извршната исправа Пресуда ТС-75/18 од 28.6.2019 година на Основен граѓански Скопје, против должникот **Друштво за градежништво, трговија и услуги ДМ-ДМ БИЛДИНГ ДООЕЛ Скопје** од Скопје со ЕДБ 4032012515751 и седиште на БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ 76/32, за спроведување на извршување во вредност 14.212.067,00 ден., на ден 30.11.2021 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со прво усно јавно наддавање на недвижноста евидентирана во:

**1 .Имотен лист број 110093, КО Центар 1, КП бр.10886,** Адреса (улица и куќен број на зграда) Х. Смирненски бр.22, Бр. На зграда/друг објект 1, Намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел. Систем А2-1:

- Влез 1, Кат К2, Број 9, Намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, Внатрешна површина во м2 4, сопственост;
- Влез 1, Кат К2, Број 9, Намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, Внатрешна површина во м2 63, сопственост;
- Влез 1, Кат МА 1, Број 19, Намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, Внатрешна површина во м2 22, сопственост;
- Влез 1, Кат МА 1, Број 19, Намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, Внатрешна површина во м2 105, сопственост;
- Влез 3, Кат ПР, Број 1, Намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 24, сопственост;
- Влез 4, Кат ПР, Број 1, Намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 29, сопственост.

**2.Имотен лист Број 110412 КО Центар 1, КП бр.10886**, КП бр.10886, Адреса (улица и куќен број на зграда) Х.Смирненски бр.22, Бр. на зграда/друг објект 1, намена на згр. Преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А2-1, Влез 2, кат ПО 1, Број 1, Намена на посебен/заеднички дел од зграда КГП, Отворена површина во м2 266, сосопственост на должникот Друштво за градежништво, трговија и услуги ДМ-ДМ БИЛДИНГ ДООЕЛ Скопје.

**Продажбата ќе се одржи на ден 27.12.2021 година во 13:00 часот во просториите на извршител Катерина Кокина, Бул.Св. Климент Охридски бр.52/1-9, Скопје.**

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност врз основа на чл.177 од ЗИ И.бр.1443/21 од 17.11.2021 година на извршителот Катерина Кокина изнесува:

1. **Имотен лист број 110093, КО Центар 1, КП бр.10886,** Адреса (улица и куќен број на зграда) Х. Смирненски бр.22, Бр. На зграда/друг објект 1, Намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел. Систем А2-1:

| Ред.бр. | опис | Влез | кат | Број | П/м2 | Вредност МКД – почетна цена за продажба | Вредност ЕУР | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Стан | 1 | 2 | 9 | 63+4 | **5.306.200** | 86.000 | |
| 2. | Стан | 1 | МА 1 | 19 | 105+22 | **8.453.000** | 137.000 | Не е комплетно завршен |
| 3. | ДП | 3 | ПР | 1 | 24 | **2.135.000** | 34.600 | Во ИЛ се водат како П помошна површина |
| 4 | ДП | 4 | ПР | 1 | 29 | **2.511.000** | 40.700 | |

**2. Имотен лист Број 110412 КО Центар 1, КП бр.10886, КП бр.10886,** Адреса (улица и куќен број на зграда) Х.Смирненски бр.22, Бр. на зграда/друг објект 1, намена на згр. Преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А2-1, Влез 2, кат ПО 1, Број 1, Намена на посебен/заеднички дел од зграда КГП, Отворена површина во м2 266, сосопственост на 162/266 идеален дел од недвижност на должникот Друштво за градежништво, трговија и услуги ДМ-ДМ БИЛДИНГ ДООЕЛ Скопје вредноста на предметната недвижност СЕ УТВРДУВА:

- За три паркинг места со површина од по 13 м2, пазарна вредност на едно паркинг место со нето површина од 13м2, се утврдува на износ од 8.515 еур или во денарска противвредност 525.000,00 денари, вкупната вредност на трите паркинг места со површина од по 13 м2 а кои претставуваат дел од правото на сосопственост на должникот од 162/266 идеални делови се утврдува на износ од 25.545 евра или во денарска противвредност 1.575.000,00 денари, како почетна цена за продажба на недвижноста,

под која недвижностите не може да се продадат на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености /.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната сметката од извршителот со бр. 200002387764020 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5080011502026, најдоцна еден ден пред одржување на наддавање. Доказ за уплатената гаранција е извод од посебната сметка на извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Катерина Кокина